# ИНФО БИЛТЕН



## Фонд за здравствено осигурување на Македонија

**Инфо билтен издание бр.3/2011**

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

**Содржина**

1. ВОВЕД ..... 3
2. Информација за работата за 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија ..... 4
  1.1 Јануари 2010 година ..... 4
  1.2 Февруари 2010 година ..... 5
  1.3 Март 2010 година ..... 5
  1.4 Април 2010 година ..... 5
  1.5 Мај 2010 година ..... 6
  1.6 Јуни 2010 година ..... 7
  1.7 Јули 2010 година ..... 7
  1.8 Август 2010 година ..... 8
  1.9 Септември 2010 година ..... 8
  1.10 Октомври 2010 година ..... 9
  1.11 Ноември 2010 година ..... 9
  1.12 Декември 2010 година ..... 10

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

# 1. ВОВЕД

Годината што измина, стручните тимови на Фондот за здравствено осигурување напорно работеа на унапредување на здравствениот систем, се со цел да создадат што подобри услови за остварување на правата на нашите осигуреници. Новите системски решенија ги носевме врз основа на темелни анализи, странски искуства и во соработка со здруженијата на пациенти, коморите и , се разбира, со здравствените установи на примарно, секундарно и терцијарно ниво, како даватели на услуги на нашите осигуреници.

Меѓу бројните активности што ги реализиравме, во 2010 година успеавме да донесеме нови референтни цени на лековите со што наместо дотогашните 77 , обезбедивме 240 лекови без доплата. Ја олеснивме постапката за остварување на правото на надомест за време на боледување и породилно отсуство. Овозможивме и подобри услови за лекување на бубрежно болните пациенти склучувајќи договор со приватниот центар за дијализа „Диамед“со што е решена деценисквата агонија на скопските пациенти на дијализа кои поради дефицит на место беа принудени да патуваат за дијализа во други градови

Склучивме нови договори со што на нашите осигуреници им го проширивме дијапазонот на здравствени установи каде што можат да се лекуваат на товар на Фондот. Она што е од особена важност, склучивме договор со уште една здравствена установа за изведување на кардиохируршки интервенции, а донесовме и нов Правилник за ин-витро со што им овозможивме на нашите осигуренички на најправеден можен начин да го остварат правото на ин-витро фертилизација. Го усвоивме и Правилникот за електронска здравствена картичка.

Горди сме на фактот што за период од 12 месеци успеавме да донесеме и измениме 157 одлуки и акти на ФЗОМ, 40 правилници и 35 интерни акти за вработените.

Она што, исто така, е од огромно значење за нас е што годинава што измина за прв пат во нашата држава се одржа Регионален форум на фондовите за здравство за чија организација добивме највисоки оценки од учесниците на овој стручен собир и од јавноста.

Резултатите што ги постигнавме во 2010 година, а што Ви ги претставуваме во првиот број на инфо-билтенот за оваа година, за нас претставуваат поттик со уште поголем елан да работиме и понатаму и уште повеќе да им го олесниме патот до остварување на правата на нашите осигуреници.

Уредувачки одбор

## 2. Информација за работата за 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

### *1.1 Јануари 2010 година*

- **Ревизија на цените на сите 665 дијагностички сродни групи кодови и воведување на нови реферетни цени за ДСГ**, (корекциите се направени согласно просечните трошоци на болниците во Р.Македонија).
- Воведување на можност дежурните лекари да пропишуваат рецепт за листа на лекови од 12 генерики, со што за прв пат се воведе осигуреникот да има 7 дневна здравствена заштита. (проект-изработен во соработка со Фармацевтската и Лекарската комора на Македонија)
- **За прв пат склучување договори со приватни лаборатории** и можност осигурениците со упат да одат во било која лабораторија која има склучено договор со ФЗОМ, за разлика од претходно кога осигурениците можеа да користат лабораториски услуги само во лабораторијата со која избраниот лекар има склучено договор.
- Поради епидемија од „свински грип", се намали обврската на матичните лекари за дел од целите спрема ФЗОМ.
- Направена анализа дека дури 40% од лековите на рецепт се до 5 пати поскапи од другите референтни земји (Словенија, Србија, Хрватска и Бугарија), како и за прв пат изработена анализа за споредба на референтните цени со единствените цени, потрошувачката по генерики, по видови болести со што генерлано се констатира дека се неопходни итни реформи на ова поле.
- **За прв пат се воведе покривање на транспортни трошоци за лицата од руралните области кои одат на дијализа** во центри надвор од нивните живеалишта (до 2010 год ваква компензација имале за автобуска карта само на оние растојание каде што има јавен превоз).
- Зголемување на ДРГ цената за трансплантанција на бубрези од 4,4 пати во однос на претходната цена, со цел зголемување на бројот на трансплантанции, односно намалување на лица на дијализа.
- Први извештаи од новоформираната внатрешната контрола за целосното работење на подрачни единици на ФЗОМ.
- За прв пат донесен годишен план за финансиски контроли на ЈЗУ од страна на екс- анте финансиската контрола (денес одделение за буџетска и финансиска контрола).
- За прв пат, воведен концепт на целосни финансиски контроли на ЈЗУ со детален терк на извештај и точно дефинирани области на контрола.
- Подршка на трансформацијата на Воена болница во градска болница ЈЗУ „8-ми септември" во однос на формирање и следење на буџетите и остварување на вид и обем на здравствени услуги и континуирано зголемување на буџетот на оваа установа.

### *1.2 Февруари 2010 година*

- Воведени пилот пакети за специјалистичко консултативна ЗЗ кои се креација на ФЗОМ (истиот модел го презема Р.Словенија во 2011 година) со цел унапредување и проширување на евиденцијата на здравствени услуги во СКЗЗ, како и поедноставување на начинот на фактурирање на здравствени услуги и овозможување споредливост и искористување на добиените податоци за амбулантските прегледи од СКЗЗ во Р.Македонија.
- **Олеснување на процедурата за издавање на сини картони на претходно неосигурените лица** , односно на новата категорија на осигуреници (намалување на документација, извод од мвр и сл.)
- **Воведување на комплетно нов систем на цени на лекови, референтни цени според методологија со споредба на цени со 4 референтни држави** (Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија) по примерот на земјите од Европската унија и пошироко со што се овозможува транспарентност на процесот и можност за преговори со компаниите.
- Изготвено е упатство за начинот на работа на Комисијата за неправилности на вработените во ФЗО.
- Формирана работна група за следење и отстранување на неправилностите во работењето на вработените во ФЗОМ.
- Донесен е нов Правилник за референтни цени на ортопедски помагала кој ја инкорпорира методологијата за споредба на цени со 4 референтни држави.

### *1.3 Март 2010 година*

- Нов начин на фактурирање за хронично болни лица по третман во дневна болница(дијализа) и кодирање по ДСГ методологија.
- **За прв пат донесена транспарентна методологија и правилници за утврдување на квоти за лекови во аптеките** каде јасно се утврдени критериумите за висина на квотите и во целост е исклучен субјективизмот (проект реализиран заедно со Фармацевтка комора).
- За прв пат донесено упатсво за водење на дисциплинска постапка

### *1.4 Април 2010 година*

- Склучени приближно 4000 договори со ПЗУ и ЈЗУ што претставува пораст во однос на 2009 посебно во сегментите на ПЗУ специјалистички ординации, ПЗУ аптеки и ПЗУ лабораторции, со ова се овозможува поширок опфат и достапност на здравствени услуги (истовремено воведени се новини во договорите во однос на истите од 2009 година во поглед на специјализација за семејна медицина, боледувања , ПЗУ аптеки ,квартални и полугодишни порамнувања и др).
- **Формирани работни групи за интегриран здравствен информатички систем и за електронска здравствена картичка.** ( Работните групи до крајот на годината одржаа преку 60 состаноци со Министерството за здравство и фирмите задолжени за изведба на

проектите со што го понесоа најголемиот товар во обмислувањето, следењето и тестирањето на секој од потсистемите на ИЗИС и ЕЗК)

- За прв пат прибирање податоци за издавање на факсимили на лекари вработени во ЈЗУ со цел правење на регистар на лекари во јавното здравство и постепено воведување на електронската здравствена картичка.
- **Измена на Законот за здравствено осигурување во однос на поедноставување на постапката за остварување на правото на надомест за време на боледување и породилно отсуство** наместо дотогашната пракса на месечно доставување на документите (за породилни дури 9 пати доставување на документација). Новина е само едно доставување на актите.
- За прв пат е изготвена процедура во ФЗОМ за прием и обработка на документација за надомест на боледување и породилно отсуство со што се овозможува поедноставување на администрирањето на документацијата за поднесок, зајакната контрола врз документацијата преку електронско следење на искажаните податоци преку системот на УЈП..
- **Целосна имплементација на проектот пакети во специјалистичко консултативна ЗЗ** ( иницијално донесени 159 пакети и дополнети до крајот на годината со добиена вкупна бројка од 174 пакети). Ова претставува голем проект на ФЗОМ, како и на Лекарската комора и здруженијата на лекари во Р.Македонија
- **Донесени нови референтни цени на лекови** од листа на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ од примарна листа на лекови. Со новите референтни цени се овозможи од дотогашните 77 лекови по генерика без доплата, осигурениците да можат да користат 240 лекови без доплата на рецепт.
- Воспоставени редовни средби со здруженија на пациенти и Сојуз на пензионери (минимум 2 пати годишно)

### *1.5 Мај 2010 година*

- Воведување нови шифри на лекови и проширени АТЦ кодови за лекови од листа на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ. Со ова се овозможува електронско следење на лековите преку системот на ФЗОМ за лековите кои паѓаат на товар на ФЗОМ, како и за проектите ЕЗК и ИЗИС.
- **Склучен договор помеѓу ФЗОМ и приватен центар за дијализа ПЗУ „ДИЈАМЕД“** со што е решена деценисканата агонија на скопските пациенти на дијализа кои поради дефицит на место беа принудени да патуваат за дијализа во други градови
- Прераспределба на квоти на аптеки по единствена методологија за сите ПЗУ аптеки.
- Фокус на менаџментот и преземени активности за надминување на сите наоди/препораки од државниот завод за ревизија со цел подобрување на работењето на ФЗОМ.
- Воведени врзани потписи во сите финансиски документи на ФЗОМ со што дополнително е зајакнат контролниот механизам и елиминирање на можност за грешка.
- Воспоставено одделение за буџетска и финансиска контрола и одделение за сметководство и трезор согласно законите за здравствено осигурување и за јавна внатрешна финансиска контрола

- **За прв пат е донесен Правилник за овластување и начин на работа на контролата** која ја врши ФЗОМ ( изработен во соработка со Лекарската комора и други надлежни институции, кој во себе инкорпорира 12 технички упатства за вршење на различни типови на контрола и 11 стандардизирани записници за вршење контроли.)

### *1.6 Јуни 2010 година*

- **За прв пат во Македонија одржан „Регионален форум на фондовите за здравство**"со учесници на фондови за здравство од 12 држави каде ФЗОМ беше домаќин на форумот во Охрид.
- **Склучување на договор меѓу ФЗОМ и ПЗУ „СИСТИНА"** за кардио-васкуларни хируршки интервенции по ДСГ методологија( прва приватна болница внесена во ДСГ системот и воведена конкуренција во кардио-хирургијата во Р.Македонија со намалување на цените).
- Ревидирани ДСГ референти цени за кардио-васкуларни хируршки интервенции.
- **Прв годишен ДСГ форум** во организација на ФЗОМ за сите учесници чинители на ДСГ системот во Р.Македонија.
- Презентирани први квартални извештаи за ДСГ методологија и придобивки од истата.
- Редовна анализа на прашањата добиени од инфо линиите.
- Анализи за ЈЗУ со системски проблеми и допис до МЗ за преземање мерки (законски, административни и сл).
- Упатсво за подрачните единици за промените во постапката и начинот на остварувањето на правата од Законот за здравствено осигурување со прилог обрасци на барања.
- Донесен Годишен извештај за работењето на ФЗОМ за 2009 година кој е доставен до Владата и Собранието на Р.Македонија.
- Обуки за специјалистички пакети на ЈЗУ, ПЗУ и подрачните единици на ФЗОМ.
- За прв пат донесен Кодекс на однесување и облекување на вработени во ФЗОМ.
- Откриени фиктивни пациенти во ЈЗУ со контролата на ФЗОМ за што е информирано Јавното обвинителство на Р.Македонија.

### *1.7 Јули 2010 година*

- **За прв пат потпишан Меморандум за соработка** меѓу ФЗОМ и Сојузот на телесно инвалидизирани лица, слепи лица и глуви и наглуви лица
- **Нов правилник и процедура за ин-витро** постапка со почеток од 01.08.2010 со цел осигуреничките да добијат поквалитетна здравствена услуга и во целост да бидат информирани што им следува со добиените средства од закононското право.
- Нов начин на пресметка и фактурирање за амбулантска дијализа со цел унифицирање на начинот на работа на сите ЈЗУ и ПЗУ „Диамед" и зајакната контрола врз оваа услуга.
- Заради колизија на референтни цени, единствени цени и тендерските постапки за лекови кои се спроведуваат во ЈЗУ, дадена е иницијатива до Министерство за здравство за практична поделба на позитивната листа на примарна и болничка, во делот на надлежностите за нејзино формирање, како и во делот на нејзиното финансирање (формирана работна група).
- Воведување на практика за следење на ликвидноста на ФЗОМ пред УО на секоја седница.

- **Учество во проектот „едношалтерски систем“** и делегирање на лице во Централниот регистар на РМ за осигурување на лица при прва регистрација на правен субјект.
- Прв полугодишен извештај од работењето на финансиската контрола на ФЗОМ.

### *1.8 Август 2010 година*

- За прв пат донесен Акционен план за постојано надградување на ДСГ системот во Р. Македонија
- Спроведување на ДСГ акциониот план за следење на одделенијата по болници според ДСГ методологијата.
- **За прв пат изработен регистар за лица кои се на дијализа** во соработка со Здружението „Нефрон“ и ЈЗУ и ПЗУ кои вршат дијализа.
- **Воведување на систем на рефундации за набавка на медицински потрошен матерјал по набавна цена** од осигурениците и кратење на износот од ЈЗУ кое го немала набавено. Со ова се елиминира штетата која ја трепеа осигурениците и се дисциплинираат ЈЗУ за набавка на потрошни матерјали.
- **По утврдени неправилности со контрола на ФЗОМ во однос на препишување и издавање на ортопедски помагала**, наодите за злоупотребите се испратени до Министерсвото за внатрешни работи и Јавното обвинителство.
- Упатсво за подрачните единици за водење на стечајна постапка согласно одредбите на Законот за стечај и постапка за ликвидација според одредбите на законот за трговски друштва.
- **За прв пат воведени редовни месечни средби меѓу раководителите на ПС на ФЗОМ и претсавници од регионалните здравствени комори** со цел координација и усогласување во работењето на ПЗУ и ФЗО и разгледување на отворени прашања.

### *1.9 Септември 2010 година*

- **Укинување на бандероли за лекови** кои паѓаат на товар на ФЗОМ, со што се намали трошокот и администрацијата кај добавувачите и ФЗОМ.
- Прераспределба на квартални квоти на аптеки-извршени корекции согласно потрошувачката.
- За прв пат започнување на активности за комплетно нова систематизација на ФЗОМ.
- **Комплетно преземање на судски постапки од страна на ПС на ФЗОМ за побарувања на придонес** за здравствено осигурување до 31.12.2008 година
- **Намалени цени на лабораториски услуги,** поради направените анализи за висината на чинење на овие услуги.
- Завршување на контролата на ЈЗУ по заклучок од Владата на Р.М. за контрола на 20-те најголеми должници - ЈЗУ и Здравствен дом К.Паланка.
- **Комплетно предавање на предметите за второстепеност по управна постапка во Министерство за здравство**.

### *1.10 Октомври 2010 година*

- Примена на европска картичка за здравствено осигурување од осигуреници на Кралството Холандија во Р. Македонија
- Предлог референтни цени за болничка листа на лекови,(2 фаза од методологијата за референтни цени).
- Електронско евидентирање на замени на матични лекари на територија на Р. Македонија за ИЗИС и потребите на електронската здравствена картичка.
- Нова и изменета web страница на ФЗОМ
- **Воведена второстепеност по договорните казни на ЈЗУ и ПЗУ.**
- Во соработка со Здружението на приватни матични лекари и матичните лекари во Р.Македонија, почеток на чистење на електронски бази на лица без осигурување (основ 0 - пасивни пациенти ) за потребите на воведување на ИЗИС и електронска здравствена картичка.
- Повторена контрола, на 20-те најголеми должници ЈЗУ и Здравствен дом К.Паланка со цел проверка по постапување на препораките од Владата на Р. Македонија.
- Воведена работна процедура за управување со документи за плаќање во централата на Фондот – согласно со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола

### *1.11 Ноември 2010 година*

- **Склучен нов договор со ПЗУ „Филип Втори" според ДСГ методологија** со што се овозможува во рамки на истиот буџет на месечно ниво да се извршуваат до 30 операции повеќе на осигуреници отколку со претходниот договор, поради пониските цени.
- **Воведување на нова здравствена услуга и цена за домашна дијализа** со цел за намалување на бројот на пациенти кои вршат дијализа во ЈЗУ и ПЗУ и зголемување на работоспособноста на лицата и нивниот комодитет.
- Нови ДСГ цени за операција на катаракта со ФАКО метода со цел овозможување на рентабилно работење и воведување на оваа здравствена услуга во јавното здравство.
- **Прв инфо билтен на ФЗОМ** наменет за стручната јавност што овозможува стручно приближување до работата на ФЗОМ и обработува актуелни теми кои се од значење на ФЗОМ.
- Донесени два правилника за трезорско работење на ЈЗУ и спроведени обуки на ЈЗУ и ПС на ФЗОМ.
- **Изработен нов начин на фактурирање на примарните и превентивните услуги на здравствените домови – пакети по тим,** со што се поедноставува евиденцијата, фактурирањето и реално се вреднува услугата.
- Редовна шестмесечна средба со здруженијата на пациенти и Сојузот на пензионери.
- За прв пат донесен кодекс за однесување на контролорите/инспектори на ФЗОМ, со цел следење, пријавување и санкционирање на контролорите кои ги злоупотребуваат своите овластувања.
- За прв пат донесени упатства за администрирање на лекарски комисии на ФЗОМ, со цел изедначување на работењето на сите комисии, воведување контролни механизми за минимизирање на пропустите.

- За прв пат изработен деловен процес за избор на лекар, дефинирање на процеси и одговорности на вработените лица во подрачните служби на ФЗОМ при прием и обработка на на ИЛ-1 обрасците.
- Изработка на Стратешки план на ФЗОМ 2010-2015 година.
- **Изработена информација за контролите на сите рурални ПЗУ** и анализи од политиката за руралност со предлог мерки доставена до Управниот одбор на ФЗОМ.
- Започнување на финансиска контрола на втората група на 20 ЈЗУ најголеми должници.
- За прв пат донесено упатсво за водење на диспциплинска постапка во ФЗОМ.

### *1.12 Декември 2010 година*

- Отворен оглас за прибирање на понуди за склучување на договори во 2011 година со даватели на здравствени услуги
- Повторна обука за трезорско работење на ЈЗУ и ПС на ФЗОМ
- Повторна обука за специјалистички пакети.
- Инфо билтен бр.2 на ФЗОМ наменет за стручната јавност
- **Воведување на терцијарната дејност во купување на здравствени услуги** од страна на ФЗОМ (ТЕРЦИЈАР) со што би довело до дистинкција на цените на ДСГ кодови добиени од болници и клиники (зголемување на буџетот на клиники во делот за акутно болни хоспитализирани лица според ДСГ методологија)
- Нови предлог референтни цени на лекови за 7 генерики т.е 16 лекови по заштитени имиња .
- Прва средба со Сојуз на стопански комори – групација за здравство со цел воспоставување на редовна комуникација и заедничко надминување на проблемите, односно поедноставување на постапките со приватните ЗУ.
- За полесно и транспарентно утврдување и изменување на позитивната листа, по иницијатива на ФЗОМ во тек е изработка на Правилник за изработување на позитивната листа, што во референтните земји се применува повеќе години наназад
- За прв пат е спроведена анонимна анкета во секоја подрачна единица во ФЗОМ - за да се воочат недостатоците и дефинираат идните приоритети на ФЗОМ (обуки, работни услови, менаџерски тимови, итн)
- Изработка на легитимации наменети за сите лица кои вршат контрола (контролори/инспектори на ФЗОМ)
- Почеток на централизација на информатичкиот систем на ФЗОМ
- **Донесен е Правилник за електронска здравствена картичка** со цел да се започне со печатењето на картичките.
- Иницијатива за намалување на администрирање на документи на лица осигурени како земјоделци во соработка со УЈП, чија реализација се планира за февруари 2011 год..
- За прв пат интегрирање на сите референтни цени на здравствени услуги и ортопедски помагала и објава на web страницата на ФЗОМ.
- **Корекција на позитивната листа на лекови во режимот на препишување по барање на Лекарската комора** и отстранување на технички грешки во позитивната листа за 3 генерики, со цел поедноставување на издавањето на основните лекови за осигурениците.

- **Поддршка во преземање на набавката на инсулините од ЈЗУ** (односно од финансиска обврска на ФЗО) и **воведување централизирана постапка** за набавка и дистрибуција како и преземање на целосните трошоци за инсулини од страна на МЗ.
- Поддршка на трансформација на Клиниката за трансфузиологија за набавка на коагулациони фактори и воведување на централизирана набавка и дистрибуција од Клиниката.
- Донесено упатство за начинот и роковите за вршење на попис во ФЗОМ
- Донесено упатство за начин и постапка за расходување на неупотребливи работи во ФЗОМ
- За прв пат донесено Упатство за користење службени телефони.
- За прв пат донесено Упатство за користење службени возила.
- Измена на процедурата за управување со документи за плаќање во ФЗОМ.
- Воведена општа работна процедура за управување со документи за плаќање во подрачните единици на Фондот за здравствено осигурување на Македонија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
- **Склучен договор за евидентирање и следење на побарувања меѓу: ФЗОМ, УЈП, ПИОМ и АВРМ** –со цел добивање на информации за наплатените придонеси.
- Подготвен е пречистен текст на Законот за здравствено осгурување, кој преку МЗ е доставен до законодавно правната комисија на Собранието на Р.Македонија за објавување.
- Изработени се неофицијални пречистени верзии на сите правилници на Фондот кои се во сила и иститe се во процедура на ставање на web страницата на ФЗО.
- Донесени се две упатства за трезорско работење и објавени во Службен весник.
- Донесена е процедура за подрачните единици за поништување на непополнети (бланко) сини картони.
- **Донесен е нов Правилник за ортопедски помагала** (во соработка со здравствените разботници, но и засегнатите здруженија), со зајакнати контролни механизми, чија примена се очекува во првиот квартал на 2011 год.

Контролата на ФЗОМ **изврши 9977 контроли** на ПЗУ и ЈЗУ од кои **7456 контроли** на превентивните цели од ПЗЗ како и **2521 контроли** на ПЗУ и ЈЗУ по претставки на осигуреници, договорни обврски и боледувања а за откриените неправилности се **санкционирани 194 здравствени установи со парична договорна казна и 33 еднострано раскинати договори**.

Целокупното работење на ФЗОМ во 2010 година придонесе да се **изменат** и **донесат нови 157 одлуки и акти** на ФЗОМ како и **изменување** и **донесување** на **40 правилници** на ФЗОМ и **донесување** на **35 интерни акти** за вработените.